ВО СМОКИНЗИ И ТОАЛЕТИ НА ГАЛА-КОНЦЕРТОТ НА РАПЕРОТ

# Џеј Зи со шоу во Карнеги хол

**ЊУЈОРК (АП)** - Концертот на Џеј Зи во Карнеги хол беше вистинско шоу на кое тој испеа голем број хитови, меѓу кои и емоционалната песна "Гордост" (Glory) за неговата едномесечна ќерка Блу Ајви Картер.

"Мислев дека нема да можам да ја испеам таа песна", изјави Џеј Зи со многу емоции. "Тешко беше".

Раперот е вториот хип хоп музичар кој настапил во овој хол: Вајклиф Жан настапи тука во 2001 година заедно со Стиви Вондер, Ерик Клептон и Витни Хјустон. Гости на концертот на Џеј Зи беа Алиша Кис и Нас, и двајцата од Њујорк.

Тој настапи со оркестар од повеќе од 30 музичари и бенд во кој свиреше Квестлав од "Рутс" и нео-соул пејачот Билал.

Тоа е еден од двата добротворни концерта планирани за оваа недела.

Добитникот на повеќе Греми награди чие вистинско име е Шон Картер, се појави во црно - бел смокинг, пеперутка машна и црни очила за сонце. Околу 2.800 луѓе присуствуваа на концертот: мажите облечени во смокинзи, а жените во конзервативни фустани. Иако дел од билетите беа продадени на јавноста, поголемиот број од нив беа продадени на приватна аукција по цена од 500 - 2.500 долари. Собраните средства ќе бидат донирани за "Јунајтед веј од Њујок Сити" и Фондацијата за школарини "Шон Картер", која им помага на сиромашните студенти во школувањето.



*Добитникот на повеќе Греми награди чие вистинско име е Шон Картер, се појави во црно-бел смокинг, пеперутка машна и црни очила за сонце*



*Актерката и модел Бруклин Декер*



*Оскаровката Лајза Минели*

## Од денес во продажба билетите за "Златна бубамара"

Од денес од 14 часот ќе бидат во продажба билетите за манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи на 23 февруари во Универзална сала во Скопје. Новиот слоган на шоуто е "Осмели се, охрабри се, не плаши се, дојди и насмевни се". Годинава, манифестацијата слави 15 години, и ќе ги наградува најпопуларните од естрадата, спортот, културата и бизнисот.

Билетите ќе се продаваат на билетарницата во Универзална сала и во "Југотон".

**(В.М.)**

## Одложен концертот на Благица и на Грујовски



Концертот на 1 април со фолк-пејачите Благица Павловска, **Благоја Грујовски,** Гоце Пејковски и Душко Георгиев се одлага. Причина се турнеите на Благица и Благоја. Датумот на новиот концерт засега е непознат.

- По барање на Благица и Баже концертот се одложува, зашто заминале на прекуокеанска турнеја. Само да се вратат и да се седне на маса да се договори новиот термин-, вели Александар Димитров. **(В.М.)**